Macedonian

# ПРВА ПОМОШ ПРИ ЕПИЛЕПТИЧЕН НАПАД



Epilepsy Australia

Најголема австралиска организација за епилепсија раководена од корисници

# ШТО Е ТОА ЕПИЛЕПСИЈА?

Епилепсијата е нарушување на работата на мозокот што се јавува во вид на повторувани епилептични напади.

# ШТО Е ТОА ЕПИЛЕПТИЧЕН НАПАД?

Сите наши мисли, чувства или постапки се контролирани од мозочните клетки што комуницираат меѓу себе преку постојани електрични импулси. Епилептичен напад настанува кога ненадејна навалица на електрична активност ќе го наруши овој вообичаен тек. Комуникацијата меѓу клетките се нарушува и нашите мисли, чувства или движења истиот миг стануваат збунети или неконтролирани.

Иако епилептичните напади може да бидат застрашувачки, во повеќето случаи тие престануваат сами од себе. Откако нападот ќе заврши, лицето постепено пак воспоставува контрола над себеси и повторно знае каде е без никакви штетни последици. Најголемиот број луѓе што страдаат од епилепсија успеваат со лекови да ги контролираат своите епилептични напади.

## Препознавање на епилептичните напади

Во целиот свет е прифатено мислењето дека, иако епилептичните напади се многу сложени, тие обично спаѓаат во две категории: делумни или жаришни, од една страна, и општи, од друга страна. Делумните или жаришни напади почнуваат во еден **дел** од мозокот [односно во жариште во мозокот] и влијаат врз оној дел од телото што тој дел од мозокот го контролира. Општите напади го зафаќаат целиот мозок па затоа влијаат на целото тело.

### Прости делумни напади

Простите делумни напади се напади на одредено место и влијаат само на еден дел од мозокот. Знаците што ги има лицето ќе зависат од функцијата што ја контролира тој дел од мозокот. Нападот може да доведе до неволно движење или вкочанување на рака или нога, до чувство дека некоја работа веќе е видена порано, до чувство на непријатен мирис или вкус, или до чувство на “пеперуги” во стомакот или гадење. Во текот на нападот лицето останува свесно. Нападот обично трае помалку од една минута, а потоа лицето закрепнува. Кога делумниот напад ќе се прошири и ќе го зафати целиот мозок, се нарекува отпосле настанат општ напад.



*Делумниот или жаришен напад настанува во еден дел од мозокот.*



*Нападите што почнуваат во еден дел од мозокот може да се прошират и да го зафатат целиот мозок и на тој начин отпосле да се претворат во општи напади.*




*Нападите и епилепсијата понекогаш се именуваат според резенот или делот од мозокот во кој настанува активноста на нападот.*

## Сложени делумни напади

Овој вид напади исто така влијаат само на еден дел од мозокот, но ја менуваат свесноста на лицето. Лицето често може да изгледа збунето и зашеметено и може да постапува чудно, на пример, да ги плетка алиштата, да прави движења како да џвака или да испушта необични звуци. Нападот обично трае една до две минути, но лицето може да биде збунето и дремливо од неколку минути до неколку часа по нападот.

## Напади што предизвикуваат умствена отсутност [порано познати како petit mal]

Тоа се општи напади што го зафаќаат целиот мозок и почесто се јавуваат кај деца. При овој вид напади, лицето ја губи свесноста за она што се случува околу него, но ретко паѓа наземи. Едноставно се загледува некаде, а може и да ги преврти очите или очните капаци да му треперат.

Може да биде тешко да се направи разлика меѓу напади што предизвикуваат умствена отсутност и обичната занесеност. Меѓутоа, нападите на умствена отсутност почнуваат ненадејно, траат неколку секунди, потоа ненедејно престануваат и лицето продолжува да го прави она што го правело пред нападот. Иако овие напади траат само неколку секунди, тие може да се случат многу пати во текот на денот и секој ден, па затоа може многу да го нарушуваат учењето.

## Миоклонични напади

Миоклоничните напади се неконтролирани грчови на мускулите. Овие напади обично се случуваат набргу по будењето или пред легнување, кога лицето е изморено. Како и при другите општи напади, доаѓа до губење на свеста, но тоа е многу кусо и одвај забележливо.

## Тонично-клонични напади [порано познати како grand mal]

Тонично-клоничните напади се општи напади што го зафаќаат целиот мозок. Токму на овој вид напади најчесто помислуваат луѓето кога ќе се спомене епилепсија. Некои луѓе може да искусат “аура”, како што е чувството дека некоја ситуација веќе ја имаат видено порано, необично чувство во стомакот или необичен вкус или мирис, непосредно пред да почне нападот. И самата аура е прост делумен напад.



*Нападите што го зафаќаат целиот мозок се нарекуваат примарно општи напади.*

При тонично-клоничен напад, телото на лицето се вкочанува и лицето паѓа наземи [тонична фаза]. Потоа рацете и нозете почнуваат да му се движат неконтролирано со силни, симетрични и ритмични движења [клонична фаза]. На лицето може да му течат лиги од устата, лицето да му помодри или поцрвени, или да загуби контрола над мочниот меур и/или дебелото црево.

Иако овој вид напад може да им изгледа страшно на оние што гледаат отстрана, малку е веројатно дека самиот напад ќе му наштети на лицето што го има нападот. Меѓутоа, лицето може да поврати или да си го гризне јазикот, а понекогаш може и да се повреди ако удри во околните предмети при паѓањето или грчењето. Нападот обично престанува по неколку минути. Тогаш лицето обично е збунето и дремливо. Може да има главоболка и да сака да спие. Оваа дремливост може да трае повеќе часови.

## Тонични напади

Тоничните напади се општи напади што предизвикуваат вкочанување на мускулите, па ако лицето стои, може да падне наземи. Овие напади може да се јават во серии во текот на спиењето, но ако се случат кога лицето е будно, често може да предизвикаат повреда на главата. Ако е тоа соодветно, препорачливо е лицето да носи заштитен шлем за да се спречат повреди. Побарајте лекарска помош ако лицето се повреди.

## Атонични напади

Атоничните напади се општи напади што влијаат на тонусот (затегнатоста) на мускулите, поради што лицето паѓа наземи. Овие напади, што често се нарекуваат “напади со паѓање” или астатични напади, може да предизвикаат повреда на главата или на лицето. Се препорачува носење на заштита за главата за да се избегнат постојани повреди. Лицето обично закрепнува прилично брзо. Побарајте лекарска помош ако лицето е повредено.

# ПРВА ПОМОШ ПРИ НАПАД

Што треба да се стори кога некое лице има напад зависи од видот на нападот што го има.

## ТОНИЧНО-КЛОНИЧНИ НАПАДИ

*Грчовитиот* или *тонично-клоничен* напад почнува кога некој ќе ја загуби свеста, ненадејно ќе се вкочани, ќе падне наземи и телото ќе почне да му се грчи.

### Како да помогнете:

- ✓ **Останете покрај лицето** – останете прибрани.
- ✓ **Забележете го времето/должината на нападот.**
- ✓ **Заштитете го лицето од повреда –** отстранете ги сите околни тврди предмети Ставете му нешто меко под главата. Олабавете ги сите алишта што го стегаат.
- ✓ **Нежно свртете го лицето настрана –** веднаш кога тоа ќе биде возможно, помогнете му да дише.
- ✓ **Воспоставете комуникација** за да знаете дека навистина се вратило при свест.
- ✓ **Успокојте го лицето**
- ✓ **Отстранете ги страничните посматрачи**

- ✗ **Немојте** да ги ограничувате движењата на лицето.
- ✗ **Немојте** ништо насила да му ставате во устата.
- ✗ **Немојте** на лицето да му давате вода, апчиња или храна пред тоа сосем да се врати при свест.

По нападот, лицето треба да го положите да лежи на левиот колк. Не заборавајте дека постои мала опасност од повраќање после нападот, пред да се врати сосем лицето при свест. Затоа главата на лицето треба да му биде свртена за да може од устата да му истече се што ќе поврати и за да не го вдише повратеното. Останете покрај лицето додека тоа да закрепне (5 до 20 минути).

## Повикајте брза помош на 000 ако:

- ✓ нападот трае повеќе од **5** минути или ако набрзо дојде до втор напад.
- ✓ лицето не се освести во рок од **5** минути откако престанал нападот.
- ✓ нападот се случи во вода.
- ✓ лицето е повредено.
- ✓ лицето е бремено или има шеќерна болест.
- ✓ знаете, или верувате дека тоа на лицето му е прв таков напад.
- ✓ не сте сигурни што треба да сторите.

## Сложен делумен напад

При овој вид напад лицето може да изгледа како да не слуша што му се зборува и како да е збунето. Може да прави автоматски движења како што е шлапкање со усните, или отстутни и неспретни движења со рацете. Може да се однесува на несоодветен начин што може погрешно да се сфати како да е лицето под дејство на алкохол или на дрога.

- ✓ При сложен делумен напад може ќе треба благо да го водите лицето за да ги избегне пречките околу него и да го тргнете од опасни места.
- ✓ Кога ќе заврши нападот, отпочнете разговор со лицето во кој ќе му дадете поддршка и ќе го прашате дали добро се чувствува.
- ✓ Повикајте брза помош ако лицето не почне да закрепнува по 15 минути.

## Напади што предизвикуваат умствена отсутност

Нападот што предизвикува умствена отсутност доведува до краткотрајна несвесност кај лицето. Тоа може бесцелно да се загледа некаде, очите може да му се превртат или да му трепкаат. Тоа може да биде погрешно сфатено како занесеност. Препознајте го нападот, успокојте го лицето и повторете ги сите информации што тоа можеби не ги чуло во текот на нападот.

# ПРВА ПОМОШ ПРИ НАПАДИ ШТО СЕ СЛУЧУВААТ ВО ВОДА

Во некои ситуации, губењето на свеста е особено опасно и итната нега мора да биде поголема од вообичаените постапки. Епилептичниот напад во вода е ситуација опасна по животот.

Ако некој има напад во вода, на пример, во када или во базен:

- ✓ Придржете го лицето во водата така што главата ќе му биде навалена за да му останат лицето и главата над површината на водата.
- ✓ Извадете го лицето од водата веднаш штом ќе престанат активните движења на нападот.
- ✓ Проверете дали лицето дише. Ако не дише, веднаш почнете оживување со вештачко дишење и со масажа на срцето.
- ✓ Повикајте брза помош. Дури и ако изгледа дека лицето сосем закрепнало, треба да биде целосно прегледано од лекар. Вдишувањето вода можа да предизвика оштетување на белите дробови или на срцето.

**Предупредување:** Ако нападот се случи надвор од водата во текот на пливање, лицето не треба да продолжи да плива или да се занимава со водени спортови тој ден, дури и ако изгледа дека сосем закрепнало.

# ПРВА ПОМОШ ЗА ЛИЦА ВО КОЛИЧКА

## Ако некое лице почне да добива напад додека:

Се наоѓа во **инвалидска количка**
Седи во **автобус, воз или трамвај**
Е врзано во **детска количка**

## Останете смирени, застанете и набљудувајте

***Немојте*** да се обидувате да го запрете нападот.
***Немојте*** да му ставате на лицето ништо во устата.
***Немојте*** да се обидувате да го поместите од местото - во повеќето случаи седиштето му дава некаква поткрепа.

**Меѓутоа,** ако во устата на лицето има храна, вода или повраќаница, ќе треба да го извадите од седиштето и веднаш да го положите да лежи на страна.

Ако тоа не се случило, следете ги подолните напатствија.

## Во текот на нападот:



- ✓ Заштитете го лицето така што ќе го спречите да падне ако нема сигурносен појас на седиштето.
- ✓ Уверете се дека инвалидската количка или детската количка е безбедна.
- ✓ Заштитете го лицето така што ќе му ја придржите главата. Ако во количката нема специјален потпирач за главата, ќе помогне ако му ставите нешто меко под главата.
- ✓ Проверете дали треба да отстраните било какви тврди предмети што особено би можеле да му ги повредат рацете и нозете.
- ✓ Понекогаш може ќе треба лицето да го извадите од седиштето ако му се блокирани дишните патишта.

Лицето обично се враќа при свест за неколку минути. Успокојте го лицето и кажете му што се случило.

Овие информации се приспособени од Epifile: прирачник за постапување при епилепсија.
Epilepsy Australia. Второ издание 2004 г.

# Epilepsy Australia

**Најголема австралиска организација за епилепсија раководена од корисници**

## Epilepsy Australia Ltd

Главна канцеларија
818 – 822 Burke Road
Camberwell Vic 3124
Тел. 03 9805 9111
Телефакс 03 9882 7159
epilepsy@epilepsyaustralia.net
www.epilepsyaustralia.net

## Epilepsy ACT

27 Mulley St Holder ACT 2611
Тел. 02 6287 4555
Телефакс 02 6287 4556
epilepsy@epilepsyact.org.au
www.epilepsyact.org.au

## Epilepsy Australia in NSW

PO Box 1049 Baulkham Hills NSW 2153
Тел. 02 9674 9966
Телефакс 02 9620 7087
epilepsy@epilepsyaustralia.net

## The Epilepsy Centre (Центар за епилепсија)

266 Port Rd Hindmarsh SA 5007
Тел. 08 8445 6131
Телефакс 08 8445 6387
enquiries@epilepsycentre.org.au
www.epilepsycentre.org.au

## Epilepsy Association of Tasmania Inc (Здружение за епилепсија на Тасманија)

PO Box 562 Burnie Tas 7320
Тел. 03 6431 7848
Телефакс 03 6431 5566
etas.nw@bigpond.net.au
www.epilepsytasmania.org

## Epilepsy Association of Western Australia Inc (Здружение за епилепсија на Западна Австралија)

The Niche
11 Aberdare Rd Nedlands WA 6009
Тел. 08 9346 7699
Телефакс 08 9346 7696
epilepsy@cnswa.com
www.epilepsywa.org.au

## Epilepsy Foundation of Victoria (Викториска фондација за епилепсија)

818 Burke Rd Camberwell Vic 3124
Тел. 03 9805 9111
Телефакс 03 9882 7159
epilepsy@epilepsy.asn.au
www.epinet.org.au

## Epilepsy Queensland Inc

Level 2 Gabba Towers
411 Vulture Street Woolloongabba Qld 4102
Тел. 07 3435 5000
Телефакс 07 3435 5025
epilepsy@epilepsyqueensland.com.au
www.epilepsyqueensland.com.au

За дополнителни информации за епилепсијата, нејзиното лекување и контрола, ве молиме телефонирајте на

**1300 852 853**

**Оградување:** Иако информациите содржани овде според сите наши сознанија се точни и корисни, тие не се наменети да послужат како замена за директен контакт со вашето здружение за епилепсија во заедницата или со соодветни здравствени работници.